25827

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA
AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
13. XII. 1979, 11813, 10,

НОВА КНИГА

# ВИЗИЈА ЗА КРИЗАТА НА ЧОВЕШТВОТО

**● ДЕНЕС ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ЌЕ БИДЕ ПРОМОВИРАНА КНИГАТА „РЕ-ВИЗИЈА НА УМЕТНОСТА“ ОД ОТО БИХАЛИ — МЕРИН, ИЗДАНИЕ НА ИЗДАВАЧКИОТ ЗАВОД „ЈУГОСЛАВИЈА“, „ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕВИЈА“ ОД БЕЛГРАД И „КУЛТУРА“ ОД СКОПЈЕ**

**ДЕНЕС ВО** Музејот на Современата уметност во Скопје, свечено ќе биде промовирана книгата **„Ре-визија на уметноста“** од **Ото Бихали — Мерин.** За првата книга на познатиот есеистичар и теоретичар објавена на македонски јазик ќе говори Соња Абаџиева Димитрова. Во неа, како што нагласува рецензентот, авторот ја проверува хиерархијата од вредности и критериуми што се менуваат и визијата на единството на човековото Јас и светот што на недовршениот процес на очовечување му спротивставува довршлив нацрт, остварлива замисла на едно почовечно општество.

**КАКО ТОЛКУВАЧ** на човековото суштествување, уметничкото дело отсекогаш било носител на разговорите со невидливите сили на еден уште непротолкуван свет, сликовит израз на совладување на сè што е минливо. Есејот **„Со кренати раце“** дава варијации на тој став како гест на обожување, преколнување, очај, протест или како зафат во безграничното. Присутни сме при создавањето на светот и боговите, пред ликовите на божиците — мајки, пред да стекнат име и лице, тие веќе биле обликувани од слонова коска, глина и камен. Жената како вечен поим ги надживеала сите периоди, а враќањето на **„Големата Мајка“** ни укажува дека процесот на очовечување, уште не е завршен.

Во есејот **„Секс и ерос“** повлечена е долга линија од иконскиот до денешниот развиток — ритуалната голотија на античките божици, во 20-тиот век се претвора во јавно разголување. Вознесувањето, славењето на сексот, како враќање кон изворите на природата, на ликува на антитеза на табуизирањето, потиснувањето и забраните. **„Труд и апокалипса и војна“** се викаат деловите што го прикажуваат човекот во разни видови од неговата дејност кајшто тој се јавува и како чувар и како разурнувач.

**„Човекот и непознатото“ — „Смрт“ — „Поединецот и заедницата“** — фрлаат светлина во ирационалните длабочини од кои потекнува секоја појава и нејзиното уметничко обликување. Додека човекот се стреми да оствари заедница надвор од своето Јас, пред нашата планета се отвора бескрајот на вселената. Опстанокот на човештвото на Земјата, меѓутоа, изложен е на опасноста од општо уништување.

**ЗАВРШНАТА ГЛАВА,** и можеби врвот на излагањето, го сочинува темата **„Единство на светот во визијата на уметноста“.** Авторот зборува за настанатата потреба за надминување на европоцентричното гледање на уметноста и културата што денес уште владее.

Секоја од овие големи теми е обликувана како заглавие на книгата во кое се концентрира изборот на карактеристичните уметнички дела од различни епохи, објаснувања и коментари за тие дела, примери од стари записи и понова литература кои илустрираат какви погледи имале современиците на тие уметнички дела. Едновремено со оваа визија пред нас видливо се појавува кризата на човештвото — политичката, општествената, културната и уметничката. Авторот неа ја претставува како условена од веќе неопходниот обид за живеење меѓу овоземните и космички предели и неопходното преструјување на застарениот општествен поредок.